errc
european roma rights centre

Madách tér 4
Hungary – 1074 Budapest
Office Tel: +36 1 413 2200
Office Fax: +36 1 413 2201
E-mail: office@errc.org
www.errc.org

**Македонски Трговски центар повикува остранување на сите вработени од Ромска националност**

**Будимпешта, 21 март 2013:** Македонски трговски центар, Skopje City Mall и наложило на агенцијата која обезбедува чистење, да ги отпушти сите вработени Роми кои се дел од персоналот и кои работат во оделот за храна. Истиот маил од страна на Skopje City Mall е испратен на 9ти Јануари 2013, со барање да се остранат сите вработени од Ромска националност, најдоцна до 20ти Јануари 2013. Горенаведеното излезе во јавност/медиумите,оваа недела.

Агенцијата која обезбедува чистење, Land Service, го одби барањето. Според сопштението од медиумите, барањата се направени поради наводни кражби на храна. Агенцијата има ангажирано вработени во истиот одел и од други националности, но само Ромите биле цел за остранување врз основа на нивната етничка припадност.

ЕРРЦ  во целост ги осудува постапување на раководството на Skopje City Mall, со кои се прекршиле одредбите на Уставот, на Законот за заштита и превенција од дискриминација на Законот за работни односи како и меѓународните стандарди за човекови права.

"Колективно таргетирање на вработени врз основа на нивното етничко потекло не е прифатливо", изјави Дезидериу Гергели, извршен директор на ЕРРЦ. "Овој вид на дискриминација кон Ромите на работното место, веројатно врз основа на стереотипи на" циганскиот криминал” не треба  да бидат толерирани.

ЕРРЦ ја повикува Комисијата за заштита од дискриминација да преземе мерки согласно нејзините надлежности и обврски пропишани во Законот за заштита и превенција од дискриминација. Исто така, ЕРРЦ го потенцира случајот до сите релевантни ЕУ фактори и институции.